**УДК 39:316.754.4]:316.334.55(497.7)**
**316.334.55:316.754.4(497.7)**

**Јелена Цветановска (Македонија)**

# ИНСТИТУЦИЈАТА СЕЛО КАКО СУД ВО ТРАДИЦИСКОТО НАРОДНО ПРАВО НА МАКЕДОНЦИТЕ

*Апстракт:* Институцијата село како суд е ретка и недоволно обработена тема во македонската етнологија и антропологија. Ова истражување е засновано на неколкугодишно собирање податоци во повеќе предели во Македонија, кои потоа беа вкрстени со веќе постојните во етнографската литература во земјава и пошироко на Балканот. Податоците покажуваат дека во македонската традициска култура селото дејствувало како чувар на редот и судија за грешните отстапувања од нормите на народното право и моралниот кодекс на заедницата.

*Клучни зборови:* народно право, село како суд, грев, казна, Македонија.

На Балканот, прв упатил повик за собирање и изучување на народното право Валтазар Богишиќ, објавувајќи ги своите „Правни обичаи кај Словените“ во 1866 година. Како прилог на книгата, излегле и „Упатства за опишување на правните обичаи што живеат кај народот“, кои Богишиќ ги дистрибуирал низ повеќе јужнословенски земји. Добиените одговори биле објавени во „Зборникот на сегашните правни обичаи кај Јужните Словени“ од 1874 година. Во предговорот на Зборникот, Богишиќ констатирал дека меѓу правната наука и фактичките општествено-правни односи не само што не постоела хармонија, туку тие се наоѓале во целосна меѓусебна спротивност. Учените правници не покажувале волја за сериозно проучување на народните правни поими, уверувања, установи и обичаи. Покрај тоа, тие дури сметале дека оваа проблематика не заслужува какво и да е внимание. Ваквата негативна состојба била неприфатлива кога се има предвид дека тешко можело да се најде друг крај во Европа каде што народната правна граѓа била сочувана во толкав обем. Необрнување внимание на народното право било присутно и во законодавството и во судството. Причината за наведените појави Богишиќ ја наоѓал во правната наука на Запад, која науката на Јужните Словени во сè ја следела. Имено, ставајќи акцент на глосаторите и кодификацијата, западната наука во тоа време воопшто не водела сметка за вистинските потреби на народниот живот. Извесна светлина внела школата што се развила околу Грим, која во својата програма го имала и народното право. За жал, во тој период во Германија не излегла расправа што би се занимавала со непишаното

право. Тоа било дотолку почудно кога се знае дека етнографијата била во процут и поседувала богата граѓа за напоредно проучување на правото, заклучил Богишиќ (Bogišić 1874: VII–LIX).

Нешто подоцна, состојбата на пренебрегнување на народното право во учените средини, но и во законодавството и судството, ја посочил и Стефан Бопчев од Бугарија. Тој, во 1882 година, во пловдивското списание „Наука“ отпечатил програма „За собирање и изучување на народните правни обичаи“, како и материјали за бугарското обичајно право. Како резултат на оваа програма, авторот објавил вкупно три тома од „Зборникот на бугарските правни обичаи“, а во издание на Бугарската академија на науките и „Бугарското обичајно судско право“ и „Бугарското обичајно казнено право“. Исклучително богат материјал за Западна Бугарија зад себе оставил и Димитар Маринов во шест книги на едицијата „Жива старина“ (Бобчевъ 1927: 9–16).

Во Македонија, во 2000 година, во издание на Македонската академија на науките и уметностите, излегуваат од печат „Прилози за обичајното право на македонскиот народ“. Поголем број статии објавени во овие прилози своите заклучоци ги градат врз основа на пишуваните извори, а материјалите собрани директно од народот се користат во многу помал обем. Од областа на казненото право во зборникот е поместен трудот „Средновековното обичајно казнено право и казненото право до илинденскиот период“ од Владо Камбовски (Камбовски 2000: 415–513). Во македонската етнологија за одбележување се статијата „Институцијата село како суд во традиционалната култура во Порече“ (Светиева 2002: 269–282) и студијата „Социјална култура на Македонците“ на Анета Светиева (Светиева 1998–2009). Од интерес за темата се и одделни сегменти од книгата „Телото“ на Илина Јакимовска (Јакимовска 2009).

***

Моите истражувања покажаа дека во традициската култура на Македонците причината за злото често се бара надвор од границите на овој свет. Претставата за демонот е архаичен начин на митското согледување на причините за злото. Настанати во временско-просторен сегмент помеѓу овоземниот и задгробниот свет, демоните се олицетворение на негативна, нечиста сила, која ги доведува во прашање структурата, редот и поредокот на човечкиот свет. Широка е лепезата на демоните за кои се верува дека можат да предизвикаат кобни последици врз здравјето и животот на луѓето: вампир, вештерка, разни демони на епидемија и болест, караконџул, ѓавол. Злото се доживува и како последица од дејствувањето на црната магија. Списокот на нејзините последици вклучува ненадејна смрт, долготрајна болест, неплодност на

жената, импотенција на мажот, нетраење на децата, постојани брачни караници и други семејни расправии, кои доведуваат до растурање на куќата, слаба жетва или недостиг на млеко и воопшто до секој неуспех на преземениот индивидуален или семеен потфат. Потеклото на злото е предмет на интерес и на македонските космогониски легенди од дуалистичка провениенција. Во една од нив се вели:

„Ѓавол и бог биле едно. И с’к мија народ што живимо овде у Македонију и у цел свет да претпоставимо, договорив се ѓавол и бог. Значи за три саата требало да створи триста човека. Ама ѓавол ќе га стори, а бог треба да го благослови. Значи треба да го пофали да го благослови значи да је таман. И добро ајде, овије три саата ни минут мање ни минуту више, ни мање човек ни више човек, значи тачно. Добро.

И они почнале, стварале, стварале, бог никако да стигне да ги благослови сви, а пришло време веќе. А требало, они створиле сто човека а још двеста требало да створи. Што ќе направи онда ѓавол и бог рекнале: ’Море што правимо нија – рече – нема јоште половин саат, ни сто човека а још двеста човека кад ќе направимо?‘ – ’Па како?‘ – ’Па – рече – можеш ти сто – ѓаволот рекнаја – некој ти ќе го благословиш некој ја ќу како на пресу знаеш.‘ Там тунк, кога могаја бог благослови кога не – ѓавол и **зато је с’к народ половин ѓаволешки а половин божии**“ (Лафазановски 2000: 102).

Доброто се одредува во однос на злото, а злото во однос на доброто. „*Арно и лошо, они се скоро браќа, ама овој се вика лошо, а оној се вика арно*“, вели народната мудрост. Во народниот светоглед е присутен извесен идеализам, верба во етички заснованата природа на луѓето и во способноста за разликување на доброто од злото. Она што посебно е интересно е што категоријата од религискиот домен грев се изедначува со категоријата од социјалниот домен престап, што се потврдува со мислењето/верувањето дека „што е срамотно, тоа е и греовно“ (Јакимовска 2004: 92).

А што е „греовно“? Народната претстава за гревот ја опфаќа секоја активност со која на друг му се нанесува зло, но и такво однесување што, иако нема цел да повреди некого, не е во согласност со моралните норми на заедницата. Народната терминологија не познава термин престап или злосторство. За означување на однесувањето спротивно на народното право и моралниот кодекс, покрај терминот грев, кој е најдоминантен, во употреба се и термините: штета, беља, пакост или грешка.

Грев е да му се направи зло на чесен и праведен човек, а злото сторено како одговор на зло не се ни смета за грев, туку за заслужена казна. Се верувало дека на оној што прави добро со добро ќе му се врати,

додека оној што прави зло може да очекува ништо во животот да не му оди од рака и да го стигне божја казна. Оние што добрината ја сметаат за најголема доблест имаат лесна умирачка, за разлика од нечесни и лоши луѓе што умираат во маки, не можејќи да испуштат душа сè додека не ги признаат и не се покајат за своите гревови. Се сретнуваат и дијаметрално спротивни размислувања од луѓе на кои судбината не им била наклонета или имале прилика да бидат сведоци на маки низ кои поминале оние што во животот направиле многу добрини. За нив добрината не ветува среќен живот и лесна смрт.

Гревот го следи човекот и по смртта, па така душата на добриот човек оди во рајот, а душата на лошиот страда во пеколот. Гревовите конечно се одмеруваат и се искупуваат на оној свет. Во народниот поглед на светот длабоко е врежано и верувањето во наследувањето на гревот и неговото наплаќање од следните генерации. Нивната судбина можела да биде загрозена и ако нивните предци прикриле туѓ грев. Секој грев за кој се имало сознание морало да се обелодени. Оној што тоа не го направил, предизвикувал сопствена несреќа и ја доведувал во прашање среќата на своето семејство.

Според нормите на народното право, за секој грев следувала казна. Враќањето на зло со зло било основен принцип во односите меѓу луѓето. Под влијание на христијанството, во народната претстава за гревот и казната продира учењето за можноста за простување. Кај народот ова новозаветно учење најмногу доаѓа до израз преку широкото прифаќање на христијанскиот празник Прочка. И покрај тоа што имало примери кога на Прочка навистина се простувале сторените гревови (особено на девојки бегалки), овој празник сепак не успеал да предизвика посериозна промена на народното разбирање за потребата од казнувањето на злото. Имено, иако основната цел на Прочка е да се укаже на божјото милосрдие, кое овозможува и простување меѓу луѓето, на народот отсекогаш му била многу поблиска идејата за божјиот гнев и казна, која извршила големо влијание врз неговиот концепт на казнување. Тоа не значи дека надеж во божјото милосрдие не постоела, но таа била многу посилна кога станувало збор за сопствените гревови. Во очекување дека нивните гревови ќе бидат простени, луѓето често оделе в црква и се молеле, оставајќи во неа дар за искупување на гревовите. Помалку биле подготвени да ги исповедаат и вистински да се покајат за своите гревови, поради стравот од казната што во црковните списи е позната како епитимија.

Грешните отстапувања од нормите на народното право и моралниот кодекс на заедницата биле предмет на грижа на селото, кое се јавува во улога на чувар на редот и судија. Една од основните карактеристики на македонското село, сè до најново време, бил исклучително силниот дух на заедништво, кој, од една страна, на луѓето

им гарантирал сигурност и солидарност во тешките животни прилики, но, од друга страна, длабоко навлегувал и во најинтимните сфери на живеењето, водејќи сметка нивното однесување да биде во согласност со воспоставените вредности и моралните норми на заедницата. Непишаните правила на однесување, воспоставени со традициското народно право, ја утврдувале улогата и местото на секој поединец во општеството, не оставајќи многу простор за индивидуалните слободи и за самостоен избор на можностите што биле подредени на моралниот кодекс и интересите на групата (семејство, род, задруга, селска заедница). Ваквата поставеност на поединецот во општеството влијаела врз оформувањето на институцијата колективна селска одговорност за постапките на секој член на селската заедница во врска со јавниот и семејниот живот.

Примери на непочитување на воспоставените вредности и норми на однесување биле тема на дискусија на селските собири. Генерално, на нив имале право да земат учество само мажи, иако во печалбарските села учествувале и жени. Во зависност од престапот, дискусијата завршувала со јавна критика и опомена на престапникот или со одредување на казната. На овие јавни судења претседавал првиот човек на селото со помош на селскиот одбор. Едно од најважните и најчесто употребувани доказни средства во „судската постапка“ била изјавата на сведок, очевидец на направениот престап. Во недостиг на други докази, вината/невиноста на осомничениот се утврдувала и врз основа на неговата готовност да се заколне дека не го извршил престапот за кој го товарат. Доколку тој се заколнел, го ослободувале од вината. Во спротивен случај, неговата вина се сметала за неспорна. Во Македонија биле во употреба повеќе видови невербално заколнување: бакнување на земја, леб и крст.

Дијапазонот на казни што селото ги применувало бил мошне широк. Се движел од одземање живот и тепање, преку казни во натура и пари (глоба) до посрамотување, презир, изолација и протерување од семејството и селото. Било вообичаено и магиско обраќање до натприродните сили за помош во казнувањето на престапникот. Најфреквентен вид на магиската одмазда било проколнувањето, а во употреба била и архаичната постапка на горење волчји жили. За некои од престапите реакцијата била ограничена или изостанувала како резултат на верувањето дека грешниците ќе ги снајде божја казна.

Смртната казна се применувала врз непоправливи грешници поради кои селото го бие лош глас. Најчесто се применувала за грозни убиства. Се извршувала со бесење или со застрелување. Втората варијанта се сретнува во примерот на еден свекор, кој ја заклал својата снаа зашто давала отпор при силувањето. Застрелувањето било судбина и на еден татко насилник, кој со сила ја обљубил сопствената ќерка. Во

старите времиња повод за смртната казна биле и палење куќа, маѓепсништво, тешка кражба и, особено, предавство на непријателот. Неа можела да ја очекува и жена прељубница доколку мажот со сопствените очи ќе се увери во прељубата. Мислењата на селото во овој случај се поделени. Додека едните сметаат дека убиството е заслужено, другите го доживуваат како престрога казна. Ваков начин на разврска сретнуваме и кај прељуба меѓу сродници по брак. Во улога на судија и извршител на казната, по правило, се јавува изневерената страна, а жртвата е крвниот сродник што неповикано интервенирал во бракот на убиецот. Синот го убива таткото, сестра убива сестра, брат убива брат. Етнографските податоци зборуваат дека во поодамнешното минато девојката копилачка ја растргнувале со коњи. Па сепак, во најголем број случаи, копилачката сама се казнувала, убивајќи го сопственото дете. По правило, чедоубиството се јавува како единствено можно решение за одбегнување на неповолниот статус што заедницата ѝ го наметнувала на онаа жена што ќе роди вонбрачно и незаконито дете.

Крвната одмазда е специфичен вид смртна казна за убиство на близок роднина и грабнување или друг вид неприфатливо обесчестување на жената од куќата. Кај Албанците во Македонија, таа се применува и во случај на бегство на девојка заради мажење. Крвната одмазда е дозволена поради тоа што ги штити највисоките вредности за кои не постои или не функционира друг вид заштита. А тие вредности, во традицискиот систем на вредности во Македонија и на целиот Балкан, се животот и честа.

Доколку крадецот се фати на дело, на сопственикот му е дозволено да пресуди на самото место. Најчесто станува збор за тепање. Ги тепале и во селскиот затвор каде што ги затворале крадците што одбивале или не биле во можност да платат казна за кражба. Тепањето траело додека не се добие ветување дека украденото ќе биде надоместено. Крадците ги тепале и на сретсело, во присуство на сите селани. Понекогаш тепањето било толку сурово што пострадаиниот морал долго време да се лекува. Казна тепање следувала и за разни видови на женскиот неморал. Со неа се соочувала нечесна невеста од која со стап се барало да го посочи соучесникот/соучесниците во гревот. На тепањето била изложена и жена прељубница. Неа ја тепал мажот, а ако е тој на печалба, тепањето било во надлежност на свекорот.

За кражба на туѓи плодови се плаќала глоба, најчесто во натура (за еден клас жито се враќале два), но и во пари. Материјален надоместок фигурирал и при супституирањето на крвната одмазда. Тој се плаќал во натура (жито, добиток) или со пари и злато. Во народната литература се сретнува податок дека како крвнина се барало толку злато колку што била тешка главата на убиениот.

Казната јавно посрамотување била резервирана за крадци, маѓепсници и неморални жени. Најпознато било т.н. шетање на крадецот низ целото село со украдениот предмет на телото. Во некои предели него го соблекувале гол. Во текот на прошетката, крадецот бил принудуван да ја извикува добро познатата фраза: „Ако ви е вака добро, крадете и вие!“ Од селаните пак се очекувало да реплицираат со погрдни зборови упатени на адреса на виновникот. И грабачката на туѓо жито или млеко била јавно посрамотувана. Нејзината обредна голотија, неопходна за ефикасно извршување на маѓепсништвото, се ставала на увид на целата јавност преку прошетка по селото. Во таа прилика, маѓепсницата можела да заработи и потурање со студена вода и удари од камења по голото тело. При прошетката на нечесна невеста низ селото, во употреба биле повеќе начини на посрамотување, кои се применувале во разни комбинации, од кои најпознато е качување на невестата на магаре свртена наопаку и ставање на опашката од магарето во нејзините раце или во устата. Овој начин на посрамотување се применувал и врз девојка копилачка, со тоа што се надополнувал со ставање дете копиле во нејзините раце за да го носи „како кандилце“. И жената прељубница што родила дете селото ја казнувало со посрамотување.

Селото, во принцип, ги изолира сите сторители на гревови. Се разликува само степенот на изолација. За илустрација, девојката копилачка никој не ја сметал за жива. Комуникацијата со неа била сведена на најмала можна мерка, доколку за комуникација не се сметаат навредливите зборови со кои ја пречекувале секаде каде што ќе се појавела. Иако во помала мерка, ни жената прељубница не можела да смета на посодржајна и посериозна комуникација со своите селани. Напротив, селото настојувало што е можно повеќе да ја изолира од своите општествени активности, задржувајќи го нивото на комуникација со неа на „добар ден“. Изолација во рамките на семејството се случува кај бракови меѓу блиски крвни сродници. Семејството се обидува недозволената врска да ја скрие, но ако не може да ја прекине и таа се официјализира, ги бојкотира грешниците. Бојкотот е често судбина и на девојка бегалка. Во подобар случај лутењето на таткото кратко траело, и се смирувале веднаш по свадбата или по раѓањето на првото дете. Но, се случувало татковците да бидат лути со месеци, па и со години. Во целиот тој период таткото не ја примал бегалката дома.

Магиската одмазда е казна чија основна differentia specifica е што таа смета на помош на натприродните сили во возвраќањето на злото. Иако оваа помош е клучна за постигнувањето на целта, секогаш е потребна и конкретна активност на оштетената или навредената жртва. Таа се остварува низ обредно-магиските формули и постапки со кои од моќните „жители“ на сакралната стварност се бара да му нанесат овоземно зло на виновникот. Притоа цврсто се верува дека нивното

барање ќе биде задоволено. Кога тоа се упатува до Господ, и уште ако за местото на настанот се одбира црква, одмаздата се здобива со атрибутот „божја", иако таа, во својата основа, има магиски карактер. Еден од најчестите видови на ваков начин на одмазда е проколнувањето.

Се колне за убиство, предавство, палење куќа, измама, штета, кражба. Значи, за оние злодела што можат да се подведат под денешниот поим на злосторство или престап. Но, исто толку е неспорна и кумовата клетва во случај на негова промена без согласност. Кога се знае дека кумот имал улога на посредник меѓу светот на живите и светот на мртвите, од кого се очекувала помош во сите кризни ситуации, може да се претпостави колку силно се осудувало неговото непочитување. Право на легитимитет има и проколнувањето на девојката копилачка, која го посрамотила своето семејство. Тоа станува уште поголемо ако девојката го усмрти и го закопа копилето, бидејќи нејзиниот грев е извор на опасност за целото село. Ќе го бие град или ќе биде изложено на суша, со што сериозно би можела да биде доведена во прашање егзистенцијата на целата заедница. Сосема се одобрува и проколнувањето на оние што ја покудиле девојката и со тоа ѝ оневозможиле да се омажи. Извор на нејзиното право на клетва е значењето и улогата на бракот во традициското општество. Се наоѓа разбирање дури и за проколнувањето на девојката бегалка, која била должна да го почитува изборот на своите родители.

Покрај проколнувањето, теренот и етнографската литература бележат и магиско горење на волчјите жили, кое се применувало за разни видови престапи: маѓепсништво, кражба, палење имот, клевета. Суштината на постапката е во изговарањето на имињата на осомничените жени над запалените жили. Онаа жена чие име се изговара во мигот на пукнувањето на жилите се определува како грешница и, во согласност со принципите на хомеопатската магија, неа ја чека истата судбина.

На теренот на магиското остануваме и кога станува збор за казнувањето на вампирот. Ако заедницата утврди дека постојат можности мртовецот да се свампири, во него забодуваат разни видови трње и железо. А кога веќе тоа ќе се случи, вампирот се казнува со магиско протерување од селото со погача и вино или со негово „убивање" од страна на вампирџијата, кој единствен можел да го види. Имајќи предвид дека според народното верување најголеми изгледи да стане вампир има оној човек што за време на животот бил голем грешник, вампирот се казнувал не само за неговите посмртни туку и за неговите претсмртни гревови.

Божјата казна пак била врзана за речиси сите гревови. Во нејзиното извршување немало сомневање: „Господ забава, ама не заборава". Божјата казна, когаш-тогаш, го стигнува грешникот или

неговите потомци. Се манифестира преку болест, несреќа, смрт, суша, поројни дождови, град или гром. На тој начин таа ги доведува во прашање егзистенцијалните вредности на селото (добро здравје, долг живот, изобилие, плодност на жената), кои, како дар на небото, се дел од божествениот поредок. Стравот од божјата казна битно влијаел врз одржувањето на воспоставените вредности, намалувајќи ги можностите за нивно изневерување. Вербата во остварувањето на божјата казна претставувала и добар механизам за утеха на праведни и чесни луѓе што страдале во животот.

Посрамотувањето се сметало за најтешка и најефикасна казна на селото, што е сосема разбирливо имајќи предвид дека чесноста заземала високо место во системот на вредности на патријархалното општество. Се велело: „*Џабе човека ќе го казниш, ако не го посрамотиш!*" Мажите и жените не секогаш еднакво ги казнувале за ист престап, за што најдобар пример е прељубата. Казните за прељуба на жената биле бројни и строги, додека прељуба на маж воопшто не се казнувала. Старите и душевно болни луѓе биле исклучени од казнувањето. За ист престап, богатите биле казнувани парично, а сиромашните со тепање или бесплатна работа. Селото не правело разлика меѓу извршителите на престапот и нивните соучесници. Казната за обид не била иста како казната за извршен престап или таа сосема изостанувала, но во оној што по игра на случајот немало да успее во својата лоша намера, веќе никој во селото не ќе имал доверба. За повторно извршување на престапот казната била построга. Доколку престапот, и покрај предупредувањата, повеќе пати се повторувал, неговиот сторител се казнувал и со протерување од селото. Безнадежните случаи, како што тоа веќе го видовме, завршувале и на бесилка.

Првичната цел на казнувањето била одмазда за сторениот грев. На тоа укажува самата терминологија на словенското кривично право во која зборот одмазда долго време бил синоним за казна. Поради својот застрашувачки и безмилосен карактер, казните што ги одредувал народниот суд дејствувале превентивно врз потенцијални грешници, намалувајќи ја нивната готовност за кршење на воспоставените вредности и норми на однесување. Основната функција на казнувањето била повторно воспоставување на редот, а во крајна инстанца реафирмирање на нормите на народното право и моралниот кодекс на заедницата.

**Извори и литература:**

Бобчевъ С. Стефан, Българско обичайно наказателно право, София 1927.

Јакимовска Илина, Амбар на душата, етичко во поговорките, Слово, Скопје 2004.

Јакимовска Илина, Телото, етнолошко-антрополошка студија, Слово, Скопје 2009.

Камбовски Владо, Средновековното обичајно казнено право и казненото право до илинденскиот период, во: Прилози за обичајното право на македонскиот народ, том 1, МАНУ, Скопје 2000, стр. 415-513.

Лафазановски Ермис, Македонските космогониски легенди, Култура, Скопје 2000.

Светиева Анета, Институцијата село како суд во традиционалната култура на Порече, во: 70 години од истражувањата на Јозеф Обрембски во Македонија, Институт за старословенска култура – Прилеп, Општина Самоков, Прилеп 2002, стр. 269-282.

Светиева Анета, Социјална култура на Македонците, циклус предавања за IV година на студентите по етнологија и антропологија, (ракопис), Скопје 1998–2009.

Bogišić Valtazar, Zbornik sadašnjih pravnih običaja u Južnih Slovena, Zagreb 1874.